**20101452965**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ГЛОБАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ИЗНОС ОД 20 МИЛИОНИ ЕВРА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 октомври 2010 година.

Бр. 07-4448/1
28 октомври 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ГЛОБАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ИЗНОС ОД 20 МИЛИОНИ ЕВРА

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра („Службен весник на Република Македонија" број 4/2002 и 102/2008), во членот 3 став 2 зборовите: „Министерството за финансии" се заменуваат со зборовите: „Македонската банка за поддршка на развојот".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".